РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12 - 129/6
29 -05- 2020 г./v.

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, на ден 13.01.2020 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, на продолжението на 30-тата седница одржано на 22.05.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предмет оформен по пријавата поднесена од непознат подносител, на ден 13.01.2020 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, заведен под број на предмет 12-129/1 од 13.01.2020 година, во која се укажува на сомневање за незаконитости во начинот на вработувања на наставници во ________________ од страна на новоименуваната в.д директорка ______________, како и на претходната в.д директорка _______________.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување по предметот со број 12-129/1 од 13.01.2020 година, поради непотврденост и неоснованост на наводите содржани во пријавата.

Предметот со број 12-129/1 од 13.01.2020 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-129/1 од 13.01.2020 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител.

Во пријавата се укажува на сомневање за незаконитости во начинот на вработувања на наставници во ____________________ од страна на новоименуваната в.д директорка ____________, како и на претходната в.д директорка __________________. Имено, во пријавата се наведува дека во месец октомври 2019 година без претходно распишан јавен оглас е вработено лицето ________________ како наставник по практична настава по ____________________. Воедно, се укажува дека доколку истото лице е вработено согласно член 61 од Законот за средно образование не се повикани сите активни баратели на работа регистрирани во агенцијата. Исто така , се наведува дека на ден 05.11.2019 година, __________ како в.д директор распишува јавен оглас за вработување објавен во дневните весници „Слободен печат" и „Лајме". По точките 17 и 18 од огласот за наставник по ________________________________________________, со одлука на новата в.д директорка се избира

кандидатот ________________ која е ____________, а која се пријавила само за предмети објавени под реден број 7. Додека, за предметите под реден број 7 се избира несоодветен кандидат без работно искуство.

Државната комисија за спречување на корупцијата оформи предмет по оваа пријава и заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по отворениот предмет побара од ______________________ да достави целосна информација со прилог документација за правниот основ и постапките за вработување на лицата ______ ____________, ________________ и _________________.

Од доставената документација од страна на училиштето не се констатирани неправилности при вработувањето на именуваните лица во училиштето.

Исто така, Државната комисија за спречување на корупцијата побара од Државниот просветен инспекторат да изврши вонреден инспекциски надзор над постапките за вработување на лицата ___________________, _________________ и ________________ во ____________________________.

Државниот просветен инспекторат дава детално образложение за правниот основ и постапката за вработување на сите наведени лица и известува дека при нивните вработувања не се констатирани неправилности.

Врз основа на сите околности на предметниот пријавен случај, а со оглед дека од доставената документација од двете институции се констатира дека при вработувањето на именуваните лица не се констатирани неправилности, Државната комисија за спречување на корупцијата констатира дека наводите во пријавата се неосновани и непотврдени и оцени дека истата не содржи елементи за нејзино натамошно постапување согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК:
Изработил: м-р Билјана Каракашова Шулев, Советник
Одобрил: м-р Шемши Салаи, Член на ДКСК

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска